Врз основа на член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен-обележја („Службен весник на РМ” бр. 66/04, 89/08, 152/15 и „Службен весник на РСМ” бр.103/21) и член 22 точка 18 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 29.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2023-2028)

1. Во Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Битола (2023-2028) бр.09-96/12 од 23.08.2023 година („Службен гласник на Општина Битола” бр.12/23) и Програмата за измена и дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Битола (2023-2028) бр.09-160/40 од 21.12.2023 година („Службен гласник на Општина Битола” бр.17/23), во делот „СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА”, по точката 10 се додава нова точка 11 која гласи:

   „11.Спомен обележје со имињата на депортираните Евреи од Битола”.

2. Во делот „СПОМЕН БИСТИ” се врши измена која гласи:
   Наместо „18.Александар Турунџев” треба да стои „19.Александар Турунџев”.

3. Во делот „СПОМЕН БИСТИ” се врши дополнување, така што се додава нова точка 20 која гласи:

   „20.Таки Даскалот”.

4. Програмата влегува во сила *со денот на донесувањето а ќе се објави* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр 09-137/22<br>
29.12.2025 год.<br>
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
на Советот на Општина Битола<br>
Бојан Бојкоски